Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-2836
19.04.2024 год.
Скопје

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Управниот одбор на ГД Гранит АД Скопје на 23-та редовна седница одржана на 19.04.2024 година, расправајќи за Извештаите на независниот ревизор за посебните и консолидирани финансиски извештаи на ГД,,Гранит,,АД Скопје, за работењето во 2023 година, согласно член 57 од Статутот на Гранит, ја утврди и му предлага на Собранието да ја усвои следнава

## О Д Л У К А

1. Се усвојуваат Извештаите на независниот ревизор за посебните и консолидирани финансиски извештаи на ГД,,Гранит,,АД Скопје, за работењето во 2023 година.
2. Извештаите на независниот ревизор за посебните и консолидираните финансиски извештаи на ГД,,Гранит,,АД Скопје, за работењето во 2023 година се прилог на Одлуката.
3. Одлуката стапува во сила со денот на донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје изврши ревизија на годишната сметка, консолидираната годишна сметка, посебните и консолидираните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година. Ревизијата е спроведена согласно Меѓународните стандарди за ревизија и извештаите на ревизорите даваат мислење дека финансиските извештаи и годишната сметка (посебни и консолидирани) ја презентираат веродостојно и објективно финансиската состојба, резултатите од работење, како и паричните текови за годината која завршува на 31 декември 2023 година во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во Република Северна Македонија. Управниот одбор ги прифаќа извештаите и му предлага на Собранието во таа смисла истите да ги усвои.

Претседател на Управен одбор

Страшо Милковски

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

Доставено до:
-Собрание на акционери
-Македонска берза
-Сектор за финансиски работи
-Сектор за ПКОР
-А р х и в а